Влада на Република Северна Македонија

**Генерален секретаријат**

Арх. бро.: 46-8982/3

Датум: 08-10-2024

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено: Pranuar | 15-10-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Nj.Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | 2666/1 | | |

До:

Предмет: Препраќање на дел од барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Постапувајќи по барањето за информација од јавен карактер, од [redacted] консултант за Анализа на учеството на жените на високи раководни функции во јавен сектор во изминативе 10 години и подготовка на документ за јавни политики за зајакнување на учеството на жените во донесување на одлуки во рамки на Проектот „ Заедно за родова еднаквост" – Градење поддршка за родово инклузивни политики, поддржан од страна на Британската амбасада во Скопје, Генералниот секретаријат на Владата, со должно внимание го разгледа барањето за пристап до информации од јавен карактер каде се бара број на жени министерки, заменик министерки, државни секретарки, Директорки на Агенции, Инспекторати, Директорати, претседателки на Комисии како и директорки на ЈП во период од 2014 година до 2024 година и позитивно одговори во делот на бројот на жени министерки. Во делот каде што Генералниот секретаријат, не располага со бараните информации, согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ви го доставува на надлежност, со цел да доставите одговор до подносителот со податоците со кои располагате.

Со почит,

Игор Јанушев

генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Прилог: Фотокопија од Барањето за пристап до информација од јавен карактер во врска за број на жени министерки, заменик министерки, државни секретарки, Директорки на Агенции, Инспекторати, Директорати, претседателки на Комисии како и директорки на ЈП во период од 2014 година до 2024 година, заведена под наш архивски број 46-8982/1 од 24.09.2024 година



Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118022
www.vlada.mk

Доставено до:

- Министерство за одбрана
- Министерство за внатрешни работи
- Министерство за правда
- Министерство за надворешни работи и надворешна трговија
- Министерство за финансии
- Министерство за економија и труд
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
- Министерство за здравство
- Министерство за образование и наука
- Министерство за труд и социјална политика демографија и млади
- Министерство за локална самоуправа
- Министерство за култура и туризам
- Министерство за јавна администрација
- Министерство за транспорт
- Министерство за животна средина и просторно планирање
- Министерство за односи меѓу заедниците
- Агенција за заштита на личните податоци
- Македонска агенција за задолжителни нафтени резерви – Макора
- Агенција за квалитет и акредитација на здравствени установи
- Агенција за филм на република северна Македонија
- Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој
- Агенција за иселеништво на република северна Македонија Скопје
- Национална агенција за европски образовни програми и мобилност
- Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството – Битола
- Агенција за вработување на република Северна Македонија
- Агенција за катастар на недвижности
- Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија
- Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија
- Агенција за млади и спорт
- Агенција за промоција и поддршка на туризмот
- Агенција за управување со одземен имот
- Агенција за стоковни резерви
- Агенција за храна и ветеринарство
- Агенција за енергетика на Република Северна Македонија
- Агенција за остварување на правата на заедниците
- Агенција за лекови и медицински средства
- Агенција за електронски комуникации
- Агенција за планирање на просторот
- Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување
- Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
- Агенција за цивилно воздухопловство
- Агенција за регулирање на железничкиот сектор
- Агенција за супервизија на осигурувањето
- Агенција за пошти
- Агенција за администрација
- Агенција за разузнавање на Република Северна Македонија
- Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија
- Агенција за квалитет во високото образование
- Државен комунален инспекторат
- Државен инспекторат за труд
- Државен инспекторат за локална самоуправа
- Државен Управен инспекторат
- Државен инспекторат за транспорт
- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
- Инспекциски совет
- Инспекторат за употреба на јазиците

- Државен инспекторат за животна средина
- Државен просветен инспекторат
- Државен пазарен инспекторат
- Државен инспекторат за земјоделство
- Државен инспекторат за шумарство и ловство
- Државен санитарен и здравствен инспекторат
- Државен девизен инспекторат
- Државен инспекторат за техничка инспекција
- ЈП за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје
- ЈП за стопанисување со државните шуми Национални шуми п.о.-Скопје
- ЈП Национална Радиодифузија-СКОПЈЕ
- Јавно радиодифузно претпријатие НАЦИОНАЛНА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје
- ЈП за берзанско работење "АГРОБЕРЗА" – Скопје
- ЈП за водостопанство „ЛИСИЧЕ" – Велес
- ЈП за водоснабдување "СТУДЕНЧИЦА" Кичево
- ЈП за стопанисување со хидросистемот „ЗЛЕТОВИЦА" – Пробиштип
- ЈП „СТРЕЖЕВО" – Битола
- ЈП за стопанисување со пасишта-Скопје
- ЈП за управување и заштита на повеќенаменско подрачје „ЈАСЕН"
- ЈП Службен Весник на Република Северна Македонија ц.о.-Скопје
- ЈП за државни патишта
- Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
- Комисија за заштита од дискриминација
- Комисија за заштита на конкуренцијата комисија за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
- Комисија за хартии од вредност
- Регулаторна комисија за енергетика на Република Северна Македонија
- Државна комисија за спречување на корупцијата
- Државна изборна комисија
- Регулаторна комисија за домување
- Државна комисија за жалби по јавни набавки
- Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
- Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка

( Образец ПП......)

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено / E pranuar | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia Org. | Број / Numër | Прил. | Вредност / Vlerë |
| 46 | 8982 | 1 | |

До: Влада на РСМ, Генерален Секратеријат при Влада на РСМ

(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted], консултант за Анализа на учеството на жените на високи раководни функции во јавен сектор во изминативе 10 години и подготовка на документ за јавни политики за зајакнување на учеството на жените во донесување на одлуки, во рамки на Проектот "Заедно за родова еднаквост" - Градење поддршка за родово инклузивни политики, поддржан од страна на Британската амбасада во Скопје

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел. фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Број на жени министерки, заменик министерки, државни ссекретарки, Директорки на Агенции, Инспекторати, Директорати, пртеседателки на Комисии како и директорки на ЈП во периодот од 2014 година до 2024 година. **Молам податоците да бидат пополнети во табелата која е во прилог на ова барање.** Податоците се потребни за да се направи првата анализа и документ за јавна политика за учество на жените на извршни позиции во периодот од 10 години.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис -** [redacted]
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил - електронски запис -** [redacted]
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е

потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во Скопје, 23.09.2024 година.

[redacted] форма)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 03-2666/2
29-10-2024 г./v.

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-2666/1 од 15.10.2024 година, поднесено преку барателот на информацијата [redacted] го донесе, следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 03-2666/1 од 15.10.2024 година, од Сања Саздовска, препратено до ДКСК, **СЕ УВАЖУВА**.

Решението стапува на сила со денот на неговото донесување.

***О б р а з л о ж е н и е***

До ДКСК е доставен допис од страна на Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, насловен „Препраќање на дел од барање за пристап до информации од јавен карактер" во прилог на кој беше доставено барање за пристап до информации од јавен карактер од Барателот на информации [redacted], со прилог табела, со кое барателката бара во електронска форма (преку е-маил/електронски запис) да и биде доставена следната информација од јавен карактер: „*Број на жени министерки, заменик министерки, државни секретарки, Директорки на Агенции, Инспекторати, Директорати, Претседателки на Комисии како и директорки на ЈП во периодот од 2014 година до 2024 година. Молам податоците да бидат пополнети во табелата која е во прилог на ова барање.*

По разгледување на барањето ДКСК до барателката на информацијата ја дава следната информација:

Во периодот од 2014 до 2019 година ДКСК била раководена од Претседател на Комисијата.

Во периодот од 2019 до 2024, ДКСК била раководена од Претседателката на Комисијата Билјана Ивановска, именувана од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

Во периодот од 2024 до сега, со ДКСК раководи Претседателката на Комисијата Татјана Димитровска, именувана од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во прилог на ова Решение Ви доставуваме пополнета табела со податоците кои се однесуваат на ДКСК согласно барање.

Согласно одредбата од член 3 став 1 точка 2 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Сл. весник на Република Северна Македонија" број 101/2019) информација од јавен карактер е информација во било која форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности. Следствено, со оглед на фактот што за делот од барањето за партиска припадност имателот на информации нема податоци, од таа причина не може ниту да се даде одговор. Воедно, партиската припадност претставува личен податок и лична определба на поединка или поединец.

Поради сето горенаведено, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Изготвил: Бурим Абази, службено лице,

Да се достави до:
- подносителот